https://RodnoVery.ru

СТОЖЕР
*Весник на Друштвото на писателите на Македонија*
*година II број 8-9 април-мај 1997 цена 50 денари*

**НИКОС ЧАУСИДИС**

# ПОПОВОД БУКВАТА "Ж"

https://RodnoVery.ru

**АВТОГЛЕД**

# ПО ПОВОД БУКВАТА "Ж"

НИКОС ЧАУСИДИС

**Постојат зборови што се убави и вредни по тоа како звучат, или пак како изгледаат кога се напишани, зборови што се убави и вредни по тоа што означуваат и на што асоцираат. Зборот СТОЖЕР е сигурно еден од оние што се убави и вредни по сиве овие основи.**

Постои ли во секој збор главен - суштински глас и дали тој го задржува својот примат кога зборот ќе стивне (откако се изговорил) и ќе се испише - преточи во слика.

Кога зборот СТОЖЕР се претвора во звук, суштинскиот глас што го носи е "О". Овој округол и обол глас настапува сеопфатно и потполно - како ноќ или вода - штом "С" остро и кратко ќе го означи Почетокот и ќе стивне во "Т". Откако, како вселенско ехо ќе го исполни просторот околу нас и во нас, за кратко во него блеснува зажуборува, зажежува и заживува "Ж" за да ја означи кулминацијата на сеприсутното "О" и му овозможи постепено да се оддалечи во "Е" за на крајот, да стивне во тишината, забрмчувајќи во претсмртно "Р".

Но, кога зборот СТОЖЕР ќе се напише и претвори во слика, окото воведува нова хиерархија. Како што е стожерот центар - јадро на гумното и светот, така и буквата "Ж" станува оска на зборот "стожер". Таа се претвора во крстопат на кој се разминуваат нашите погледи и мисли, звуци, чувства и потсвесни бладања, додека го читаме гледајќи го или го гледаме читајќи го овој магичен збор.

Во една таква меѓусостојба, меѓу читањето и гледањето, ми се наметна прашањето: "дали нашите букви се само знаци, наслепо (по договор) одбрани за секој глас, или, како хиероглифите, самите по себе се исполнети со значење. Дали нивниот облик е случајност или нужност. Дали е во нив наталожена историјата на мислењето.









Судејќи според "Ж", па и "О", ништо не е случајно.

***

За разлика од "О" која што е целата примордијална - затворена заградена пасивна и празна (како впрочем и нулата), "Ж" е отворена, активна устремена од центарот на сите страни. Впишете го "Ж" во "О" и ќе добиете совршена слика: место и енергија, простор и живот во него, материја и дух, тркало и време.

Ако "Ж" го гледаме како хоризонтална слика, тоа го сугерира центарот од кој извираат нештата. Ако пак, го сфатиме исправено, тогаш неговата вертикална линија се претвора во оска која што буквата - слика ја дели на две: ја прави дуалистичка но и хармонична, поделена но симетрична.

Во овој основен облик - базична архитектоника - ликовно - геометриска структура, човекот од епоха во епоха и од култура во култура внесувал и вгнездувал разни значења.

## ЖЕНСКИ АСПЕКТИ

Првата фигуративна предлошка на буквата "Ж" ја пронашле археолозите, проучувајќи ја орнаментиката на средновековниот словенски накит. Сред бројните плетери, палмети и розети забележале растителен мотив кој до детали соодветствувал на оваа буква. Обликуван бил во вид на централно стебло на некакво растение од чие средиште, нагоре - лево и десно и надолу - лево и десно се извиваат гранки или ластари. Го протолкувале како "дрво на животот кое што расте на сите страни". Најдена е дури и ритуалната предложшка на овој мотив: обред при кој, напролет, долните гранки на светите дрвја се повиваат до земјата и се врзуваат за тревата (за да се пренесат животните сили од светото дрво, на почвата и на посадените растенија).

**"Ж" како дрво на животот.**

На врвот на централното стебло често стои глава или барем розета, која што, целата слика ја претвора во фигура на жена со широко расчекорени нозе меѓу кои - од утробата се раѓа рожбата. Спектакуларно расширените раце,

https://RodnoVery.ru



кренати нагоре - кон небото, го потенцираат - глорифицираат чинот на раѓањето како победа на животот, негов раст и прогрес наспроти силите на смртта.

**"Ж" како жена - родилка поистоветена со дрвото на животот.**

Но, на почетокот, во неолитската епоха ја цртале и вајале антропоморфно, без растителните мотиви: - како жена во поза на родилка. Поради интензивното присуство во секојдневието и обземеноста на луѓето од неа, пред крајот на предисторијата, во епохата на металите, оваа претстава дотолку ќе се стилизира што ќе ја изгуби и антропоморфната и флоралната димензија. Ќе се претвори во знак кој ќе се носи на телото како амулет или ќе се вцртува над влезот во домот. Не затоа што навистина ја прикажува "Мајката-родилка" или "Дрвото на животот" туку, за да ги буди претставите за нив, вградени во културата и длабоко во умот и душата на секој нејзин поединец.



**"Ж" како стожер на животот.**

Како и претходната слика и оваа го одразува грчевитото човеково тежнеење, не само преку збор, песна, танц, жртва, туку и преку слика, да го поттикне, потпомогне и поддржи животот.

"Ж" како нацртана молитва која што, доколку би ја изговориле, можеби би звучела: "НЕКА БИДЕ ЖИВОТ!". Или, уште поедноставно: "Ај, нека е живо и здраво!"

Овој симбол и монограм, во геометриски, растителен или човечки облик, го наоѓаме од каменото време до денешниот фолклор: не само врежан во накитот или на ѕидовите од куќите, туку и втиснат во садовите. Вѕидан во црковните фасади, везен на облеката, тетовиран на телото, сликан на велигденските јајца - секаде каде што е силата на животот потребна и неопходна за да ја поттикне плодноста, да ја заштити рожбата, да го одржи изобилието и да одбрани од смрт и секакво друго зло.

Дали сега, во овој контекст, ви се чини случајно, што во старословенската азбука токму оваа буква - овој знак, стои пред гласот "Ж" или што го носи токму називот "живјате" (во буквален превод: "нека живее")?

Сочувствувам со оние (на пример, римјаните и грците) што ја немаат во својот јазик и писмо.

## МАШКИ АСПЕКТИ

Кога светот ќе тргне по паметот на мажот, односно кога ќе започне да преовладува машкиот принцип, а со него и машките божества, "Ж-образните" слики и монограми ќе бидат вклучени во новите претстави за светот и за човекот. Активното и динамично "Ж" ќе го впрегне пасивното и статично "О" и ќе го претвори во тркало.

**Буквите ќе ја придвижат историјата.**

Набргу ќе се дознае дека овие две букви се всушност родени и предодредени да бидат заедно, и дека всушност отсекогаш, дури биле и содржани една во друга. Имено, ако земеш чатал, со едниот крак го забодеш во центарот на "Ж" и со другиот ги поврзеш краците, ќе добиеш круг. И обратно, ако со чатал нацрташ круг, со истиот распон, внатре можеш да го добие "Ж" така што со него, самата кружница најпрво ќе ја поделиш на 6 еднакви делови, а потоа добиените точки, ќе ги споиш со центарот. (Не случајно чаталот ќе се нарече шестар - бидејќи не е толку важно тоа што го создава кругот туку што го дава бројот 6).

Не можејќи да се поистоветат со овој симбол, машките богови ќе го употребат така што едноставно ќе го земат в рака. Така, монограмот "Ж", од жена - родилка и жена - билка ќе се претвори во жар небесен, молња, гром и мистична светлина:

**- во Индрина "ваџра", во Зевсова шестокрака рофја и во Перунова стрела, шестострана како и неговиот цвет - перуниката (со три ливчиња вперени нагоре и три надолу).**

